Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со Програмата за кулура за 2020 година (“Службен гласник на Општина Центар бр.25/2019) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

**О Г Л А С**

**за доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културата од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје за учебната 2020/2021 година**

Општина Центар-Скопје за учебната 2020/2021 година ќе додели стипендии за талентираните ученици од VIII и IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**I.Услови за доделување стипендија**

Кандидатите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во  општинските основни училишта од подрачјето на општина Центар и

**II.Критериуми за доделување стипендија**

Освоени награди од областа на културата (сите видови на уметност) од VI до IX одделение:

I место општински натпревар (0,5 бода)

I место градски натпревар (1 бод),

I место регионален натпревар (1, 5 бода)

I место државен натпревар (2 бода),

I или II место меѓународен натпревар (3 или 2,5 бода)

Награди од нелиценцирани организатори на натпревари не се земаат во предвид.

**III.Потребни документи**

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Центар,

Биографија на ученикот,

Фотокопиии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на културата од VI до VIII одделение

**IV.Висината на стипендијата и рангирање**

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 денари и 3.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени од 2 до 5 бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.

За освоени повеќе од 5 бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**V.Начин на пријавување**

Потребните документи да се достават до Архивата на Општина Центар. Пријавите ќе бидат разгледани и по нив ќе одлучува општинска комисија формирана за овој Оглас

Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени, нема да бидат разгледувани.

Секој заинтересиран ученик може да поднесе документи само на 1 оглас – култура, наука или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да бидат разгледувани.

**VI.Рок на поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 29.09.2020 година.